Согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16,21/18 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), и Одлуките донесени од страна на Управен одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" - Скопје бр. 02-359/3 од 13.05.2019 година и бр. 02-448/3 од 05.07.2019 година, Комисијата за движни и недвижни ствари формирана со Решение бр. 03-529/1 од 24.07.2019 година, ја дава следната:

**ОБЈАВА Бр.3/2019**
**За продажба на движни ствари – патнички моторни возила (за старо железо)**
**по пат на електронско јавно наддавање**

## I. ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА, ПОЧЕТНА ЦЕНА, ВИСИНА НА БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА И ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

### 1.Предмет на продажба

Предмет на продажба се 3 (три) движни ствари - моторни возила, сопственост на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" - Скопје, согласно Одлуките донесени од страна на Управен одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" - Скопје бр. 02-359/3 од 13.05.2019 година и 02-448/3 од 05.07.2019 година врз основа на Процена CB /EL 5-65/19 од 19.04.2019 година и Допрецизирање на Процена бр. CB V 65-2/19 од 28.06.2019 година во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 145/19.

Продажбата ќе се изврши како една целина, односно како старо железо на **09.10.2019** година во **11.00** часот.

Возилата како што се наведено во табелата подолу се лоцирани во магацинот на ЈПУЗПП"ЈАСЕН" – Скопје на ул. Сава Ковачевиќ бб 1000 Скопје, а заинтересираните можат да добијат подетални информации на тел: 02/3115-016 и 075/211-519 лице за контакт Гоце Ставревски е-маил: jp.jasen@gmail.com

**2.Податоци за возилата, почетна цена на возилото, висина на банкарска гаранција, датуми и час на одржување на јавните наддавања.**

**А.** Податоците за возилата, почетната цена за килограм на патничките моторните возила се дадени во табелата од реден број 1 до реден број 3 и тоа:

| Ред. број | Марка и тип на возило | Боја | Бр на мотор | Работна зафатни на на моторот | Бр. на шасија | Сила на мотор от kw | Година на произв одство | Број и датум на процена | Почетна цена за 1 кг (без ДДВ) во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | LADA NIVA | бела | 21214А/7076717 | 1690 | XTA21214021671949 | 59.5 | 2002 | CB/EL 5 65/19 од 19.04.2019 година и CB V 65-2/19 од 28.06.2019 година | 10.00 |
| 2 | VOLKSWAGEN POLO | бела | AEE129033 | 1896 | WVWZZZ6NZVW1393 | 47 | 1997 | CB/EL 5 65/19 од 19.04.2019 година и CB V 65-2/19 од 28.06.2019 година | 10.00 |
| 3 | LADA NIVA | темно лила | 21214А66299172 | 1690 | XTA21214011588623 | 59.5 | 2002 | CB/EL 5 65/19 Од 19.04.2019 година и CB V 65-2/19 од 28.06.2019 година | 10.00 |

**Б. Датум на одржување на јавното наддавање според спецификацијата**

**Јавното наддавање на патнички моторни возила според спецификацијата ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање на ден 09.10.2019 година, со почеток во 11.00 часот.**

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на електронското јавно наддавање имаат сите домашни и странски правни лица и физички лица кои можат да се стекнат со сопственост на движните ствари-моторни возила.

Заинтересираните правни и физички лица можат да учествуваат само за сите возила заедно, односно лицитацијата ќе биде групна за сите возила наеднаш.

## IV.ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Пријавувањето за учество на јавното наддавање се врши електронски на следната интернет адреса: **e-aukcii.finance.gov.mk**

Во прилог подносителот треба да поднесе:

1. Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од вкупната проценетата вредност на движните ствари која изнесува **30.780,00** денари, односно висината на гаранцијата треба да биде во износ од **616,00** денари. Банкарската гаранција со рок на траење до крајот на годината се поднесува и во писмена форма во оригинал во архивата во затворен коверт со назнака за „Комисија за движни и недвижни ствари„ на адресата на ЈПУЗПП"ЈАСЕН" – Скопје на ул. 11 Октомври бр. 23а 1000 Скопје.

како и:

**а)** ***за правни лица***

**-** Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија, односно соодветен документ издаден од надлежен орган од земјата каде е регистриран правниот субјект, не постар од 6 месеци од денот на издавањето;

**б)** ***за физички лица***

- копија од важечка лична карта или од патна исправа**.**

**V. РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

За учество на јавното наддавање, учесниците се должни електронски да се пријават до истекот на 15-от ден, сметано од денот на објавување на објавата во дневните весници и на интернет страницата, односно до **04.10.2019** година до 12:00 часот.

Комисијата на подносителите кои во системот за електронско јавно наддавање се пријавиле со комплет документи во прилог, наведени во точка IV од објавата, во рок од три дена по истекот на времетраењето на објавата ќе им достави корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

**VI. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ**

**1.** Јавното наддавање се спроведува во согласност со одредбите во член 26 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/19), ).

**2.** За да се одржи јавното наддавање, потребно е да има најмалку еден учесник.

**3.** За најповолен понудувач на јавното наддавање се смета правното лице кое понудило последна цена, која претставува највисока цена за продажба на движните ствари.

**4.** Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 дена од приемот на писменото известување за избор, да уплати средства согласно постигнатата крајна цена од наддавањето, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана и понудувачот во период од 1 година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната недвижна ствар.

**5.** Со најповолниот понудувач ќе склучи договор за купопродажба во рок од 15 работни дена по извршената уплата на цената за моторните возила наведени во спецификацијата.

Сите трошоци кои ќе произлезат околу преносот на сопственоста на возилата ќе ги сноси купувачот - најповолниот понудувач.

**6.** Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање. Приговорот се доставува до Комисијата во рок од 3 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање. Комисијата одлучува по приговорот со решение во рок од 5 дена од приемот на приговорот. Против решението на Комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**VII. ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА НА КОЈА ЌЕ СЕ ОДРЖИ ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ**

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница:**e-aukcii.finance.gov.mk**

Јавното наддавање ќе се одржи на датумот утврден во точка I**.** од оваа објава.

**Комисија за движни и недвижни ствари на ЈПУЗПП"ЈАСЕН" – Скопје**